# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

**Службен весник на РМ, бр. 99 од 05.08.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на Република Македонија" број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008 и 161/2008), во членот 4-б став 2 зборовите: "на тековна сметка или на штедна книшка" се заменуваат со зборовите: "преку трансакциска сметка".

**Член 2**

Во членот 5 ставот 1 се менува и гласи:
"Работодавачот за вршење на дејноста е должен да има решение или доказ дека пред да започне да врши дејност го известил органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот, како и пријава или решение од други органи во зависност од дејноста која ја врши."

**Член 3**

Членот 9 се менува и гласи:
"Заради вработување на инвалидни лица се основаат заштитни друштва како трговски друштва. Заштитно друштво може да се основа и да работи како заштитно друштво ако вработува најмалку десет лица на неопределено време од кои најмалку 40% се инвалидни лица од вкупниот број на вработени, од кои најмалку половината се лица со утврдена инвалидност во смисла на членот 2 став 1 од овој закон.
Новоосновано заштитно друштво е должно во периодот од 90 дена да ги вработи сите работници сметано од денот на првото вработување на работник на неопределено време во друштвото, во спротивно не го стекнува статусот на заштитно друштво и наредните пет години не може да работи како заштитно друштво, во кој рок основачот или член на неговото потесно семејство не може да основа ново заштитно друштво.
Заштитното друштво не го губи статусот на заштитно друштво ако не ги исполнува условите од ставот 1 на овој член до 90 дена непрекинато.
Ако заштитното друштво не ги исполнува условите од ставот 1 на овој член повеќе од 90 дена непрекинато, или во текот на работењето на заштитното друштво повеќе од три пати во вкупно траење од 90 дена, го губи статусот на заштитно друштво и наредните пет години не може да работи како заштитно друштво, во кој рок основачот или член на неговото потесно семејство не може да основа ново заштитно друштво."

**Член 4**

Во членот 12-а став 3 зборовите: "оцена на работната способност дека може да ги работи работите на соодветно работно место" се заменуваат со зборовите: "наод и мислење од Комисијата при Министерството за труд и социјална политика за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место".

**Член 5**

Во членот 13 зборовите: "работа на Комисијата од членот 2 став 3 на овој закон и" се бришат.

**Член 6**

Во членот 16-а став 1 точка 1 зборовите: "вработување на потполно слепо лице (практично слепо лице)" се заменуваат со зборовите: "вработување на слепо лице со оштетеност на видот од 90 до 100%".
Во ставот 3 по зборот "барателот" се брише зборот "не", а бројот "9" се заменува со бројот "2".
Во ставот 4 по зборовите: "на овој закон" се додаваат зборовите: "за чие вработување се користени средства од Посебниот фонд".

**Член 7**

Пред членот 18 се додава нова Глава IV-а која гласи: "IV-а. НАДЗОР НА НАМЕНСКО ТРОШЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСЕБНИОТ ФОНД".

**Член 8**

Во членот 18 став 1 по зборот "закон" се додаваат зборовите: "преку центрите за вработување, Централната служба на Агенцијата, Комисијата на Посебниот фонд при Управниот одбор на Агенцијата и Одделението за внатрешна ревизија во Агенцијата и за констатираните неправилности е должна да го информира Државниот инспекторат за труд и Министерството за труд и социјална политика - Одделение за заштита и вработување на инвалидни лица".

**Член 9**

Во членот 20 став 1 по бројот "9" се додаваат зборовите: "став 2".

**Член 10**

Во членот 20-а став 1 по бројот "4-а" се додаваат зборовите: "ставови 1 и 5, 12-а став 3", а броевите: "1 и 7" се заменуваат со броевите: "1, 5, 7 и 8".

**Член 11**

Во членот 22 став 1 бројот "1.800" се заменува со бројот "1.900", а бројот "5" се заменува со бројот "6".
По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
"Глоба во износ од 500 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 12**

Во членот 23 став 1 бројот "800" се заменува со бројот "900", по зборот "дејност" се додаваат зборовите: "како трговец поединец", а бројот "5" се заменува со бројот "6".

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".